Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се организира стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица,со површина од 74,47ха. Просторот на планскиот опфат е следниот:

• Границите на планскиот опфат за Блок 12 се водат по осовините на ул.”Гоце Делчев” на север, ул.”Балканска” на запад, ул.”Климент Охридски” на исток и ул.”Крушевска Република” на југ.

• Блоковите 40/2, 41/1 и 41/2 се соседни блокови и границата на планскиот опфат за трите блока се води по осовините на: собирната улица на северната граница на планскиот опфат на градот на север, прекршува по магистралната улица 15-а на исток до пресекот со ул.15, се води по ул.15 на југ до пресекот со ул 14-а, прекршува на север по ул.14-а до пресекот со ул.12 и се води кон запад до пресекот со ул.14, која го затвора планскиот опфат до пресекот на собирната улица на север.

Одлуката за организирање на стручна расправа ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Стручната расправа ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34, на ден 13.02.2020 година во 11:00 часот.

Заинтересираните граѓани и правни лица, своите забелешки на посебни анкетни листови, ќе можат да ги достават во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи.

Бр.09-965/4
07.02.2020 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски